**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 09-3/8

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11 и 41/14), Комисијата за одлучување по прекршок составена од Чедомир Краљевски - претседател, Благој Чурлинов и Насер Жарку - членови, постапувајќи во постапка поведена по службена должност против Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје, со седиште на ул. 7 јули бр.40, Скопје застапувано од Ракип Дочи - директор, заради сторен прекршок од член 47 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05, 70/06 и 22/07) на седницата одржана на 31.03.2014 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

**1.Се утврдува дека** Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје, со седиште на ул. 7 јули бр.40, Скопје XXX[1] во периодот од 31.12.2006 година до 15.01.2007 година **ја злоупотребило својата доминантна позиција** на пазарот на депонирање на отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Скопје во однос на депонирањето на отпад, бидејќи Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје стопанисувало со депонијата Дрисла, како единствена депонија на наведениот географски пазар, на начин што со неоправдано неприфаќање на барање на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ за продолжување на договорот за пристап на депонијата Дрисла, а со тоа и престанување да го прима отпадот донесен од страна на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ, Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје, неоправдано одбивило на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола да му овозможи пристап кон депонијата Дрисла за соодветен надомест, со што го оневозможило ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола да делува како конкурент на Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје на пазарот за собирање и транспорт на комунален отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје, што претставува прекршок од член 47 став (1) точка 2) во врска со член 14 став (2) точка (6) од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ бр. 4/05,70/06 и 22/07) за што му се изрекува **глоба во износ од 12.000,оо денари што**

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

**Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**претставува** XXX од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2005 година како година која и претходи на годината во која е сторен прекршокот.

**2. Се утврдува дека** Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје, со седиште на ул. 7 јули бр.40, Скопје XXX во периодот од 10.06.2008 година до 31.12.2009 година повторно **ја злоупотребило својата доминантна позиција** на пазарот за депонирање на отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Скопје во однос на депонирањето на отпад, бидејќи Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје стопанисувало со депонијата Дрисла, како единствена депонија на наведениот географски пазар, на начин што со неоправдано неприфаќање на барање на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ за склучување на договор за депонирање на смет на депонијата Дрисла, Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје, неоправдано одбивило на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола да му овозможи на пристап кон депонијата Дрисла за соодветен надомест, со што го оневозможило ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола да делува како конкурент на Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје на пазарот за собирање и транспорт на комунален отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје, што претставува прекршок од член 47 став (1) точка 2) во врска со член 14 став (2) точка (6) од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ бр. 4/05,70/06 и 22/07) за што, му се изрекува **глоба во износ од 596.400,оо денари што претставува** XXX од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2007 година како година која и претходи на годината во која е сторен прекршокот.

**3.** Глобата од точките 1 и 2 од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[2]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач - НБРМ. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

[2] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК
Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## Образложение

Комисијата за заштита на конкуренцијата со Решение бр. 07-92/18 од 18.12.2009 година **утврди дека** Јавното Претпријатие “Комунална хигиена” – Скопје (во понатамошниот текст ЈП Комунална хигиена), со седиште на ул. 7 јули бр.40, Скопје, согласно член 13 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, има доминантна позиција на пазарот за депонирање на отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Скопје во однос на депонирањето на отпад, бидејќи ЈП Комунална хигиена стопанисува со депонијата Дрисла, како единствена депонија на наведениот географски пазар и дека во периодот од 31.12.2006 година до 15.01.2007 година и во периодот од 10.06.2008 година до денот на донесување на наведеното Решение ја злоупотребило доминантната позиција на наведениот пазар, во смисла на член 14 став (2) точка 6) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 04/05, 70/06 и 22/07), на начин што неоправдано одбивало да му овозможи на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола за соодветен надомест пристап кон депонијата Дрисла, со што го оневозможило ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола да делува како конкурент на ЈП Комунална хигиена на пазарот за собирање и транспорт на комунален отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје

ЈП Комунална хигиена со тужба поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија против решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 07-92/18 од 18.12.2009 година.

Управниот суд на Република Македонија со пресуда У-5.бр.118/2010 од 06.06.2012 година ја одби тужбата на ЈП Комунална хигиена како неоснована.

Со Допис бр.09-19/3 од 11.11.2013 година Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата побара од Управниот суд информација за евентуално поднесени жалби против наведената пресуда на Управниот суд. Со Допис бр.09-19/4 од 30.11.2013 година Управниот суд ја достави баранта информација наведувајќи дека против наведената пресуда на Управниот суд У-5 бр.118/2010 не е изјавена жалба.

Со оглед на фактот дека решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 07-92/18 од 18.12.2009 година е правосилно и

Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

извршно, како и фактот што однесувањето на ЈП Комунална хигиена утврдено со Решението бр. 07-92/18 од 18.12.2009 година претставува прекршок од член 47 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ бр. 4/05,70/06 и 22/07), Комисијата за одлучување по прекршок со заклучок бр.09-33/1 од 20.12.2013 година од ЈП Комунална хигиена Скопје побара доставување на следните податоци: дали ЈП Комунална хигиена сеуште стопанисува со депонијата Дрисла. Доколку не, до кога стопанисувало со истата и дали му овозможило на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола за соодветен надомест пристап кон депонијата Дрисла и дали во рок од 30 дена од денот на правосилноста на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 07-92/18 од 18.12.2009 година донело соодветни акти со кои ги утврдило на недискриминаторен начин начинот и условите под кои се овозможува пристап на трети лица кон депонијата Дрисла;

ЈП Комунална хигиена со допис бр.09-3/1 од 10.01.2014 година одговори на наведениот заклучок.

Врз основа на решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 07-92/18 од 18.12.2009 година и добиените податоци од ЈП Комунална хигиена, КОП на ден 21.01.2014 година со заклучок бр. 09-3/2 од 21.01.2014 година поведе прекршочна постапка по службена должност против ЈП Комунална хигиена Скопје заради тоа што во периодот од 21.01.2009 година до 31.12.2009 година, сторило злоупотреба на доминантната позиција на пазарот за депонирање на отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Скопје во однос на депонирањето на отпад, бидејќи ЈП Комунална хигиена стопанисувало со депонијата Дрисла, како единствена депонија на наведениот географски пазар, на начин што неоправдано одбивало да му овозможи на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола за соодветен надомест пристап кон депонијата Дрисла, со што го оневозможило ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола да делува како конкурент на ЈП Комунална хигиена на пазарот за собирање и транспорт на комунален отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје, што претставува прекршок од член 47 став (1) точка 2) во врска со член 14 став (2) точка (6) од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ бр. 4/05,70/06 и 22/07).

Со горенаведениот заклучок КОП го задолжи ЈП Комунална хигиена да ги достави следните податоци: вкупно приходи (без ДДВ и

Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

други даноци) остварени од наплата на надомест за депонирање на отпад во депонијата Дрисла во периодот од 20.01.2009 година до 31.12.2009 година; вкупно приходи (без ДДВ и други даноци) остварени од наплата на надомест за собирање на комунален отпад во периодот од 20.01.2009 година до 31.12.2009 година; објаснување дали е водено посебно сметководство по однос на трошоците и приходите од вршење на дејноста депонирање на отпад и од вршење на дејноста собирање на отпад и дали при депонирањето на отпадот собран од Јавното Претпријатие “Комунална хигиена” – Скопје, истото вршело плаќање на депонијата Дрисла за извршеното депонирање во периодот додека Јавното Претпријатие “Комунална хигиена” – Скопје стопанисувала со депонијата; извод од Централен регистар за тековна состојба; биланс на успех за 2008 година и податоци за жиро - сметка, единствен даночен број и депонент – банка.

ЈП Комунална хигиена со допис бр.09-3/3 од 31.01.2014година одговори на заклучокот на КОП.

КОП на 06.02.2014 година до ЈП Комунална хигиена достави известување на писмено изјаснување по наводите на КОП.

Со Допис бр. 09-3/6 од 03.03.2014 година ЈП Комунална хигиена се изјасни по наведеното известување

Со Заклучок бр. 09-3/4 од 27.02.2014 година КОП побара од ЈП Комунална хигиена , да ги достави следните податоци и документи: Вкупно приходи (без ДДВ и други даноци) остварени од наплата за депонирање на отпад во периодот од 31.12.2006 до 15.01.2007 година и Биланс на успех за 2005 година и 2007 година.

Со Допис бр.09-3/7 од 06.03.2014 година ЈП Комунална хигиена одговори на наведениот заклучок.

Врз основа на горенаведените податоци и решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 07-92/18 од 18.12.2009 година, КОП во досегашната постапка по предметот бр. 09-3 од 2014 година ја утврди следната фактичка состојба:

КОП утврди дека релевантен пазар на стоки и релевантен географски пазар е пазарот за депонирање на отпад од територијата на град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје во однос на депонирањето на отпад.

Депонирањето на отпад собран од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје во однос на

Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

депонирањето на отпад се врши единствено во комуналната депонија ДРИСЛА, бидејќи оваа депонија е единствената на подрачјето на релевантниот географски пазар која ги исполнува условите од Законот за управување на отпад. Јавното претпријатие ДРИСЛА, од 27.12.2002 година е припоено кон ЈП Комунална хигиена (Решение на Основниот Суд Скопје 1-Скопје П.Трег.6061/20020). Со припојувањето на ЈП Дрисла кон ЈП Комунална хигиена, депонијата функционира во рамките на ЈП Комунална хигиена.

Отпадот, согласно начелото на блискост содржано во член 10 од Законот за управување со отпад, мора да се депонира во место определено за депонирање, а кое е најблиску до местото на негово создавање. Во случајот на отпадот создаден на територијата на Град Скопје и на сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје во однос на депонирањето на отпад (вклучувајќи го и комуналниот отпад од граничните премини Табановце и Стенковец, кои се предмет на барањето за поведување постапка поднесено од ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола), такво најблиско место наменето за депонирање на комунален отпад е единствено депонијата Дрисла, инаку составен дел на ЈП Комунална хигиена.

Депонијата Дрисла претставува основна инфраструктура на која се врши депонирање на отпад и пристапот кон истата е неопходен услов за вршење на дејноста собирање и транспорт на комунален отпад за сите претпријатија кои ја вршат оваа дејност, а во однос на отпадот собран од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје во однос на депонирањето на отпад. При тоа, субјектот кој раководи со таквата основна инфраструктура мора да обезбеди непречен пристап кон истата на сите претпријатија кои без таквиот пристап би биле оневозможени да ја извршуваат својата дејност, освен во случаите кога постојат објективни причини таквиот пристап да не му се дозволи на определено претпријатие.

ЈП Комунална хигиена во чиј состав, за времетраењето на прекршокот работела и комуналната депонија Дрисла, ги вршело и двете погоре споменати дејности – како собирање и транспорт, така и депонирање на комунален отпад. ЈП Комунална хигиена е субјектот кој раководи со депонијата Дрисла како основна инфраструктура и како што е утврдено во решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.07-92/18 од 18.12.2009 година со своето однесување неоправдано и без причина во периодот од 31.12.2006 година до 15.01.2007 година и во периодот од 10.06.2008 година до денот на донесување на наведеното Решение му оневозможува за соодветен

**Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

надомест пристап кон депонијата Дрисла на ЕКО КЛУБ како претпријатие кое врши собирање и транспорт на комунален отпад. Со ова ЈП Комунална хигиена-Скопје ја злоупотребува својата доминатна позиција на релевантниот пазар, бидејќи без ваквото истовремено користење на депонијата Дрисла, ЕКО КЛУБ, но и секое друго претпријатие кое врши собирање и транспорт на комунален отпад се оневозможени да дејствуваат како конкуренти на ЈП Комунална хигиена на пазарот за собирање и транспорт на комунален отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје во однос на депонирањето на комунален отпад. Злоупотребата на доминатната позиција која се состои од одбивање на доминантото претпријатие да му овозможи на своите конкуренти пристап во сопствената мрежа или други инфраструктурни објекти за соодветен надомест, доколку без ваквото истовремено користење конкурентите заради правни или фактички причини се оневозможени да дејствуваат како конкуренти на доминантното претпријатие е забранета согласно член 14 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

На 23.05.2006 година ЕКО КЛУБ и ЈП Комунална хигиена склучиле договор бр. 198-06 од 23.05.2006 година за депонирање на комунален нештетен инертен отпад, односно за прифаќање на специјалните возила на ЕКО КЛУБ кои вршат транспорт на ваков отпад во депонијата Дрисла.

Договорот предвидува ЕКО КЛУБ со сопствени возила да носи комунален отпад во депонијата Дрисла XXX.

Од друга страна, ЈП Комунална хигиена се обврзува да го прифати отпадот, да изврши негово мерење и да издаде кантарска белешка за примениот и измерен отпад. XXX

Договорот е склучен со важност од 23.05.2006 до 31.12.2006 година, со можност за предвремено раскинување со согласност на двете договорни страни и со отказен рок од 30 дена.

Оттука произлегува дека ЈП Комунална хигиена е должно да го прими за депонирање секој комунален нештетен инертен отпад донесен на депонијата со специјални возила на ЕКО КЛУБ, доколку ЕКО КЛУБ при тоа приложи придружен лист со податоци за видот на местото на настанување, количините и начинот на пакување на отпадот. Договорот не содржи никакви ограничувања за местото на настанување на отпадот кој се депонира.

Имено договорот и не смее да содржи такви ограничувања, освен законското ограничување кое произлегува од начело на блискост (член

Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

10 од Законот за управување со отпад), бидејќи на депонијата Дрисла треба да се депонира секој отпад кој ги задоволува законските услови за депонирање и кој е донесен на истата од претпријатие кое врши дејност собирање и транспорт на комунален отпад.

Ова се единствените два кумулативни услови кои треба да бидат исполнети за депонирање на отпад на комуналната депонија Дрисла и секое неоправдано оневозможување на пристап кон истата претставува повреда на Законот за заштита на конкуренцијата.

На 01.12.2006 година, ЈП Комунална хигиена испратило известување до ЕКО КЛУБ за раскинување на наведениот договор поради истек на важност на истиот, заклучно со 31.12.2006 година.

На 04.12.2006 година, 08.12.2006 година и 13.12.2006 година, ЕКО КЛУБ упатил барање до ЈП Комунална хигиена за продолжување на наведениот договор. ЈП Комунална хигиена не одговорило на таквите барања и по 31.12.2006 година престанало да го прима отпадот донесен од ЕКО КЛУБ за депонирање на депонијата Дрисла.

Ова значи дека од 31.12.2006 година, ЈП Комунална хигиена веќе не му овозможува пристап на ЕКО КЛУБ на депонијата Дрисла, иако истиот е неопходен услов за вршење на дејноста собирање и транспорт на комунален отпад, што, всушност претставува основна дејност на ЕКО КЛУБ.

Дали ваквото оневозможување на пристап на депонијата Дрисла претставува злоупотреба на доминантната позиција зависи од одговорот на прашањето дали ЈП Комунална хигиена имало оправдани причини за оневозможување на пристапот или таквото негово однесување било насочено единствено кон елиминирање на ЕКО КЛУБ како свој конкурент на пазарот за собирање и транспорт на комунален отпад.

ЈП Комунална хигиена во периодот од 31.12.2006 година до 15.01.2007 година и во периодот од 10.06.2008 година до 31.12.2009 година немало оправдани причини да не му дозволи пристап на ЕКО КЛУБ на депонијата Дрисла .

Имено, ЈП Комунална хигиена тврди дека договорот е раскинат поради непридржување кон истиот од страна на ЕКО КЛУБ. ЈП Комунална Хигиена наведува дека ЕКО КЛУБ во периодот за кој бил склучен договорот премногу често депонирал необјасниво големи количини на отпад од што ЈП Комунална хигиена изведува заклучок дека ЕКО КЛУБ неовластено собирал отпад од урбанизираниот дел на град

**Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Скопје, иако за тоа подрачје токму ЈП Комунална хигиена е овластено од Градот Скопје да ја врши оваа услуга.

Ваквите аргументи на ЈП Комунална хигиена се неприфатливи од причина што, пред се, договорот не содржи ограничувања за количината на депонираниот отпад, а цената за депонирање е определена по количество депониран отпад. Дополнително и независно од одредбите во договорот, ЈП Комунална хигиена во никој случај не смее да ја преземе улогата на државните органи надлежни да вршат надзор врз примената на Законот за управување со отпад, па оттука и да одлучува кое претпријатие правилно ја извршува дејноста собирање и транспорт на комунален отпад, а кое постапува спротивно на Законот за управување на отпад.

Доколку ЈП Комунална хигиена поседувало докази за евентуални повреди на Законот за управување со отпад од страна на ЕКО КЛУБ, за истото требало да ги извести државните органи надлежни да вршат надзор врз примената на Законот за управување со отпад, а заради нивно постапување согласно законските овластувања.

Исто така ЈП Комунална хигиена не достави докази дека за време на траењето на договорот го известила и предупредила ЕКО КЛУБ дека врши било каква повреда на договорот, која би можела да претставува оправдување за непродолжување на договорниот однос помеѓу ЕКО КЛУБ и ЈП Комунална хигиена, односно за неовозможување на пристап кон депонијата Дрисла.

Не е прифатлив ниту аргументот на ЈП Комунална хигиена дека ЕКО КЛУБ за да депонира отпад во депонијата Дрисла мора да има договор со Градот Скопје, односно општините на чија територија се врши комуналната услуга од јавен интерес-собирање и транспортирање на комунален отпад, во смисла на член 46 став (4) од Законот за управување со отпад. Имено оваа законска одредба се однесува само на дејност од јавен интерес од локално значење. Прашањата поврзани со граничните премини се од државен интерес, така што и одржувањето на хигиената на истите е дејност од државен интерес, а не од локално значење (согласно Одлуката на Уставниот Суд на РМ донесена на седница одржана на 09.09.1988 година, а објавена во Збирка на одлуки и решенија на Уставниот Суд на РМ од 1988 година). Оттука, за оддржување на хигиената на граничните премини (во однос на кои всушност ЕКО КЛУБ имал склучено договори за собирање и транспорт на отпад кој го предавал во депонијата Дрисла во периодот на важење на договорот бр. 198-06 од 23.05.2006 година) од јуни 1995 година до 27 август 2008 година било надлежно Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, а од 27 август 2008

Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

година таа надлежност преминува на Царинската Управа на РМ (Закон за измени и дополнување на Законот за царинска управа (Службен весник на Република Македонија бр.103/08).

Дополнително, а согласно член 43 став (9) од Законот за управување со отпад е утврдено дека правните и физичките лица кои во текот на годината создаваат и/или поседуваат комунален и друг вид неопасен отпад, во количества поголеми од пропишаните количества утврдени во Планот на Република Македонија за управување со отпад можат самите да склучуваат договор за собирање и за транспортирање на комуналниот и на другите видови неопасен отпад со правни или физички лица кои имаат дозвола. Ова всушност значи дека таквиот отпад може да го собира и друго претпријатие кое има дозвола за вршење на оваа дејност, различно од претпријатието овластено од општината да ја врши таа дејност на територијата на истата.

Меѓутоа, независно од тоа кој бил надлежен да склучи договор со ЕКО КЛУБ за одржување на хигиената на граничните премини во прашање, односно собирање и транспорт на комунален отпад од каде произлегува и потребата за депонирање на отпад на депонијата Дрисла и независно од каде потекнува отпадот кој се депонира, ЈП Комунална хигиена во никој случај не смеело и не смее да ја презема надлежност на државните органи надлежни да вршат надзор над правилната примена на Законот за управување со отпад и во тоа својство да одбива прифаќање на комунален отпад од страна на ЕКО КЛУБ во депонијата Дрисла поради сомневања дека ЕКО КЛУБ истиот неовластено го собира.

Извршената злоупотреба на доминатната позиција од страна на ЈП Комунална хигиена се засилува и со фактот дека ЈП Комунална хигиена нема усвоено никакви акти со кои би се регулирал начинот и условите под кои им се овозможува на други правни субјекти да вршат предавање на комунален отпад во депонијата Дрисла. Ова и овозможува на ЈП Комунална хигиена самоволно да се однесува при утврдување на условите под кои ги склучува договорите за депонирање на отпад и да врши дискриминирање помеѓу претпријатијата кои вршат собирање и транспорт на комунален отпад, а со цел потенцијално зајакнување на својата позиција на пазарот за собирање и траспорт на комунален отпад.

Доказ за ваквото самоволно однесување на ЈП Комунална хигиена се и одредбите за рокот за намирување на доспеаните обврски, како и за последиците од ненавременото намирување на доспеаните одредби содржани во одделните договори за депонирање на отпад, склучени со различни претпријатија. Така во член 6 и 7 од Договорот за депонирање

Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

на комунален отпад склучен помеѓу ЈП Комунална хигиена и ЈКП Илинден XXX Во член 6 и 7 од Договорот склучен помеѓу ЈП Комунална хигиена и ЈКП Петровец во месец мај 2007 година и Договорот склучен помеѓу ЈП Комунална хигиена и БАС Проект склучен во месец јули 2008 година предвиден XXX. Од друга страна, во горенаведениот договор со ЕКО КЛУБ предвиден е XXX Ова всушност создава и забуна за денот на доспеност на обврските, а е последица токму на немањето на правни акти со кои системски и воедначено би се регулирало ова и слични прашања за сите претпријатија кои се јавуваат како депоненти на отпад на депонијата Дрисла.

ЈП Комунална хигиена единствено не било должно да му овозможи пристап на ЕКО КЛУБ на депонијата Дрисла во периодот од 15.01.2007 до 17.12.2007 година, бидејќи во тој период ЕКО КЛУБ паднал во задоцнување со плаќањето на последната испратена фактура за извршено депонирање на смет за месец декември 2006 година. Правилата за заштита на конкуренцијата во никој случај не смее да се користат како основ за амнестирање на должниците од нивните обврски за плаќање на долговите, па оттука по доспеаноста на обрската за плаќање на фактурата за месец декември 2006 година и се до плаќањето на истата, ЈП Комунална хигиена не била должна да му овозможи пристап на ЕКО КЛУБ на депонијата Дрисла. ЕКО КЛУБ ја платил горенаведената фактура на 17.12.2007 година. КОП не го прифати тврдењето на ЕКО КЛУБ дека спорната фактура не била навремено примена во нивното книговодство, па затоа не била ни платена се додека на крајот на 2007 година не бил утврден сторениот пропуст. Имено, ЕКО КЛУБ не достави доказ дека фактурата не била навремено доставена, па затоа Комисијата утврди дека од 15.01.2007 година ЕКО КЛУБ паднал во задоцнување со плаќање се до плаќањето на спорната фактура на 17.12.2007 година.

На 10.06.2008 година ЕКО КЛУБ повторно побарал од ЈП Комунална хигиена склучување на договор за депонирање на смет на депонијата Дрисла. ЈП Комунална хигиена не одговорило на ваквото барање и до денот на донесување нанаведеното Решението не му овозможило на ЕКО КЛУБ пристап на депонијата Дрисла, наведувајќи ги гореспоменатите аргументи како оправдување, а кои КОП ги отфрли како неосновани.

Во дописот бр.09-3/1 од 10.01.2014 година ЈП Комунална хигиена наведува дека истата престанала да стопанисува со депонијата Дрисллa од 01.01.2010 година.

Од горенаведеното КОП утврди дека ЈП Комунална хигиена во периодот <u>од 31.12.2006 година до 15.01.2007 година</u> **ја злоупотребило**

Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**својата доминантна позиција** на пазарот за депонирање на отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Скопје во однос на депонирањето на отпад, бидејќи Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје стопанисувало со депонијата Дрисла, како единствена депонија на наведениот географски пазар, на начин што со неоправдано неприфаќање на барање на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ за продолжување на договорот за пристап на депонијата Дрисла, а со тоа и престанување да го прима отпадот донесен од страна на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ, Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје, неоправдано одбивило на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола да му овозможи на пристап кон депонијата Дрисла за соодветен надомест, со што го оневозможило ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола да делува како конкурент на Јавното Претпријатие "Комунална хигиена" – Скопје на пазарот за собирање и транспорт на комунален отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје, што претставува прекршок од член 47 став (1) точка 2) во врска со член 14 став (2) точка (6) од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ бр. 4/05,70/06 и 22/07).

Согласно член 47, став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05, 70/06 и 22/07), повредите на одредбите од член 14 се квалификуваат како тешки повреди на одредбите на Законот за кои е предвидена глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловна година што претходи на годината во која е сторен прекршокот.

Оттука, за сторениот прекршок од член 47 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата на ЈП Комунална хигиена ќе му се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2005 година, како година која и претходи на годината во која е сторен прекршокот.

Согласно доставениот Биланс на успех на ЈП Комунална хигиена во периодот 01.01.2005 до 31.12.2005 година како деловна година што претходи на годината во која е сторен прекршокот, истиот остварил вкупниот годишен приход XXXX денари.

Во конкретниот случај при утврдување на глобата за сторениот прекршок, а имајќи во предвид дека прекршокот траел 15 дена од 31.12.2006 година до 15.01.2007 година како релевантен основ за пресметка на глобата КОП го зема приходот остварен на релевантниот пазар за времетраењето на прекршокот. Согласно доставените

Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

податоци од ЈП Комунална хигиена во периодот од 31.12.2006 година до 15.01.2007 година истото од наплата на депонирање на отпад остварило вкупни приходи од XXX денари.

При утврдување на глобата, КОП согласно член 47 став (4) од Законот во предвид ги зема природата, тежината и времетраењето на прекршокот, односно во предвид го зема фактот дека прекршокот траел 15 дена и истиот е сторен на дел од територијата на Република Македонија, односно на територијата на Град Скопје и сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Скопје

Врз основа на ваквата фактичка состојба, КОП утврди дека износот на глобата кој му се изрекува на ЈП Комунална хигиена за сторен прекршок од член 47 став (1) точка 2) од Законот изнесува 12.000,оо денари, што претставува XXX од вредноста на вкупниот годишен приход на ЈП Комунална хигиена остварен во 2005 година, како година која и претходи на годината во која е сторен прекршокот.

Поаѓајки од фактот дека на 10.06.2008 година ЕКО КЛУБ повторно побарал од ЈП Комунална хигиена склучување на договор за депонирање на смет на депонијата Дрисла, на кое барање ЈП Комунална хигиена повторно не одговорило КОП утврди дека ЈП Комунална хигиена во периодот од 10.06.2008 година до 31.12.2009 година повторно **ја злоупотребило својата доминантна позиција** на пазарот за депонирање на отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Скопје во однос на депонирањето на отпад, бидејќи Јавното Претпријатие “Комунална хигиена” – Скопје стопанисувало со депонијата Дрисла, како единствена депонија на наведениот географски пазар, на начин што со неоправдано неприфаќање на барање на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ за склучување на договор за депонирање на смет на депонијата Дрисла, Јавното Претпријатие “Комунална хигиена” – Скопје, неоправдано одбивило на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола да му овозможи на пристап кон депонијата Дрисла за соодветен надомест, со што го оневозможило ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола да делува како конкурент на Јавното Претпријатие “Комунална хигиена” – Скопје на пазарот за собирање и транспорт на комунален отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје, што претставува прекршок од член 47 став (1) точка 2) во врска со член 14 став (2) точка (6) од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ бр. 4/05,70/06 и 22/07).

Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

КОП при утврдување на престанокот на повторниот прекршок го зема датумот 31.12.2009 година како последен ден во кој ЈП Комунална хигиена стопанисувал со депонијата Дрисла, односно од 01.01.2010 година истиот престанал да стопанисува со депонијата Дрисла.

Согласно член 47, став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05, 70/06 и 22/07), повредите на одредбите од член 14 се квалификуваат како тешки повреди на одредбите на Законот за кои е предвидена глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловна година што претходи на годината во која е сторен прекршокот.

Оттука, за сторениот прекршок од член 47 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата на ЈП Комунална хигиена ќе му се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2007 година, како година која и претходи на годината во која е сторен прекршокот.

Согласно доставениот Биланс на успех на ЈП Комунална хигиена во периодот 31.01.2007 до 31.12.2007 година како деловна година што претходи на годината во која е сторен прекршокот, истиот остварил вкупниот годишен приход од XXX денари.

Во конкретниот случај при утврдување на глобата за сторениот прекршок, а имајќи во предвид дека прекршокот траел 1 година и 6 месеци од 10.06.2008 година до 31.12.2009 година како релевантен основ за пресметка на глобата КОП го зема приходот остварен на релевантниот пазар во 2009 година. Согласно доставените податоци од ЈП Комунална хигиена во 2009 година од наплата на депонирање на отпад остварило вкупни приходи од XXX денари.

При утврдување на глобата, КОП согласно член 47 став (4) од Законот во предвид ги зема природата, тежината и времетраењето на прекршокот, односно во предвид го зема фактот дека прекршокот траел 1 година и 6 месеци и истиот е сторен на дел од територијата на Република Македонија, односно на територијата на Град Скопје и сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Скопје

При утврдувањето на глобата како олеснителна околност КОП го зема во предвид фактот дека ЈП Комунална хигиена Скопје неможе да го повтори делото од причина што од 01.01.2010 година ЈП Комунална хигиена Скопје не управува со депонијата Дрисла туку со истата управува нов правен субјект.

Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Врз основа на ваквата фактичка состојба, КОП утврди дека износот на глобата кој му се изрекува на ЈП Комунална хигиена за сторен прекршок од член 47 став (1) точка 2) од Законот изнесува 596.400,00 денари, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на ЈП Комунална хигиена остварен во 2007 година, како година која и претходи на годината во која е сторен прекршокот.

КОП во текот на постапката при утврдување на фактичката состојба го има во предвид фактот дека првиот прекршок ЈП Комунална хигиена го сторило во периодот од 31.12.2006 година до 15.01.2007 година, дека истиот претставува траен прекршок и дека рокот на застареност започнува да тече од моментот на престанување на противправната состојба, а тоа е 15.01.2007 година.

Согласно член 42 став (5) од Законот за прекршоците ( “Службен весник на Република Македонија„ бр.62/06 и бр. 51/11 ), застарувањето се прекинува и кога сторителот во време додека тече рокот на застареност стори исто така, тежок или потежок прекршок, ЈП Комунална хигиена во периодот од 10.06.2008 година до 31.12.2009 година, повторно сторило исто толку тежок прекршок, кој исто така е траен прекршок, за кој рокот на застареност започнува да тече од моментот на престанување на противправната состојба, а тоа е 01.01.2010 година.

КОП исто така го има во предвид и став (6) од Законот за прекршоците согласно кој по секој прекин застарувањето започнува повторно да тече,

Оттука, за КОП прекршокот сторен од страна на ЈП Комунална хигиена во периодот од 31.12.2006 година до 15.01.2007 година, не е застаерен, бидејќи настанал прекин на рокот на застареност, со сторување на повторниот исто толку тежок прекршок.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од (8) осум дена од денот на доставувањето. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Претседател**

**Чедомир Краљевски**

Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk